Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број:16 – 121/9

Дата: 25.09.2017

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Здравствен дом-Скопје (во понатамошниот текст – Здравствен дом) на сметката за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (во понатамошниот текст сметка за сопствени пориходи) за 2016 година.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на Здравствен дом за 2016 година ревизијата даде неповолно мислење како и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за оваа сметка на Јавната здравствена установа Здравствен дом Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2016 година констатирано е дека:

- не е спроведен целосен попис на побарувањата и обврските во известувачкиот период со состојба на 31.12.2016 година;
- спроведена е постапка за јавна набавка во која не е обезбедена транспарентнот, конкуренција и соодветно искористување на средства.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот.

На ден 23.08.2017 година добиена е информација по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор од вршителот на должноста директор Злате Мехмедовиќ, заведена во Државниот завод за ревизија под број 16 – 484/1. Истата е разгледана и е констатирано дека дадените информации се однесуваат за утврдените состојби во точка 3.1.1. со која се информира дека ќе се преземат потребните активности за надминување на утврдената состојба.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 9 до 10 заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Здравствен дом Скопје на сметката за средства за сопствени приходи, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за оваа сметка на Јавната здравствена установа Здравствен дом Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Здравствен дом застапувано од:
- Д-р Татјана Баевска Вучковиќ – вршител на должноста медицински директор од 23.01.2012 година;
- Бесим Кока – вршител на должноста организациски директор од 10.10.2011;

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 06.03.2017 до 07.07.2017 година кај ЈЗУ Здравствен дом Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 21 јули 2017 година.

На ден 23.08.2017 година добиена е информација по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор од вршителот на должноста директор Злате Мехмедовиќ, заведена во Државниот завод за ревизија под број 16 – 484/1. Истата е разгледана и е констатирано дека дадените информации се однесуваат за утврдените состојби во точка 3.1.1. со која се информира дека ќе се преземат потребните активности за надминување на утврдената состојба. Доставената информација е прилог на Конечниот извештај.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.1.1. Од извршениот увид и анализа на позицијата Побарувања од купувачи утврдивме дека Здравствен дом има ненаплатени побарувања во вкупен износ од 42.198 илјади денари од кои делот на побарувањата од купувачи во вкупен износ од 11.499 илјади денари односно 27% од вкупните побарувања се однесуваат на побарувањата за кои постои висок ризик истите да не бидат наплатени. Дел од овие побарувањата од купувачи во вкупен износ од 9.290 илјади денари се однесуваат на побарувањата кои потекнуват од минатите години (над 7 години) за пружени здравствени услуги, за кои биле покренати судски постапки[1], но истите не биле наплатени со оглед дека правните субјекти/должници се ликвидирани. Останатиот дел на побарувањата од купувачи за закупнини и режиските трошоци во вкупен износ од 2.209 илјади денари, произлегува од раскинатите договори со концесионери заради ненавремено измирување на своите обврски, кои се ликвидирани без при тоа да поседуваат соодветен имот од кој би можел да се изврши наплата или пак

[1] На ревизијата не и се презентирани податоци за исходот на наведените постапки.

при склучувањето на договорите да се преземени активности за обезбедување на побарувањата по овој основ. Од страна на одговорните лица на Здравствен дом не е доставен писмен допис до надлежниот регистар со цел потврдување на статусот на утужените правни лица, согласно кој ќе се обезбедат потребните информации за начинот на понатамошно постапување.

По спроведениот увид во пописниот елаборат од извршениот попис ревизијата утврди дека во Извештајот од спроведениот попис наведени се податоци за побарувањата од купувачите, но за истите не се презентирани пописни листи, кои содржат информации за нивната старосна структура и какви мерки се преземени за нивна наплата, ниту пак е даден предлог од страна на пописната комисија за начинот на постапување за делот на побарувања за кои постои висок степен на сигурност дека истите нема да бидат наплатени како што е предвидено со членот 31-в од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници .

Утврдената состојба има влијание на начинот на располагање со средствата и реалното и објективното искажување на податоците во финансискиот извештај - Биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака**

Одговорните лица за раководење и управување со Здравствениот дом:

- Да достават писмен допис до надлежниот регистар со цел потврдување на статусот на утужените правни лица, согласно кој ќе се обезбедат потребните информации за начинот на понатамошно постапување.

- Да ги задолжат лицата назначени за вршење попис на средствата и обврските во Здравствен дом да извршат целосен попис на побарувањата од купувачи и во соработка со одговорниот сметководител извршат усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

- Да го разгледаат Извештајот за извршениот попис и предлогот за начинот на постапување меѓу другото и за ненаплатените побарувања од купувачи за кои имаат потврдени информации дека истите се ликвидирани и да донесат акт за начинот на постапување кој ќе преставува основ за корективни активности во сметководствена евиденција на позиција Побарувања од купувачи.

3.1.2. Во Извештајот од спроведениот попис за обврските кон добавувачите во вкупен износ од 38.054 илјади денари не е презентирана спецификација на доверители кои содржат информации за правниот основ, нивната старосна структура и причините за неизмирените обврски. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и влијае на реалноста и објективноста на

презентираните состојби во финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорните лица назначени за вршење попис на средствата и обврските во Здравствениот дом да преземат активности за целосно спроведување на пописот на средствата и обврските и во соработка со одговорниот сметководител да извршат усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

### 3.2. Користење на средствата согласно законски прописи

3.2.1. Утврдените состојби кои се однесуваат на користење на средствата согласно законските прописи наведени во точката 4.4.1. од Извештајот на овластениот државен ревизор за Финансиските извештаи за сметката за средства од Фондот се однесуваат и за оваа сметка, при што од оваа сметка во 2016 година исплатени се средства во износ од 2.460илјади денари.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 3.1. и 3.2., кои се основ за изразување мислење, се :

- нецелосно спроведениот попис на побарувањата и обврските,
- недоследности при доделувањето на договорите за ЈН.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти,финансиската состојба на Јавната здравствена установа Здравствен дом Скопје на ден 31 декември 2016 година и резулатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. и 3.2. погоре, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Здарвствен дом Скопје, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 81.294 | 92.511 |
| Трансфери и донации | 5.693 | 15.371 |
| **Вкупно приходи** | **86.987** | **107.882** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 1.414 | 755 |
| Стоки и услуги | 68.714 | 84.376 |
| Субвенции и трансфери | 2.276 | 2.409 |
| **Вкупно тековни расходи** | **72.404** | **87.540** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 13.275 | 19.867 |
| **Вкупно капитални расходи** | **13.275** | **19.867** |
| **Вкупно расходи** | **85.679** | **107.407** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **1.308** | **475** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1.307 | 475 |
| Побарувања | 54.446 | 51.932 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 6.956 | 6.608 |
| Финансиски и пресметковни односи | 440 | 440 |
| Побарувања од државата и други институции | 0 | 420 |
| Активни временски разграничувања | 38.341 | 51.303 |
| **Вкупно тековни средства** | **101.490** | **111.178** |
| **Вкупна актива** | **101.490** | **111.178** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 38.054 | 50.800 |
| Обврски спрема државата и други институции | 269 | 277 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 18 | 226 |
| Пасивни временски разграничувања | 63.149 | 59.875 |
| **Вкупно тековни обврски** | **101.490** | **111.178** |
| **Вкупна пасива** | **101.490** | **111.178** |

До

Државен завод за ревизија

Палата Емануел Чучков

Ул.Јордан Мијалков

Скопје

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
"ЗДРАВСТВЕН ДОМ
НА СКОПЈЕ-СКОПЈЕ" Ц.О.
Бр. 04-2330/1
21-08-2017 год.
СКОПЈЕ

23.08.2017
16-484/1

Предмет: Информација

Почитувани,

Врз основа на Вашиот Нацрт извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на ЈЗУ Здравствен дом на Скопје на сметката за сопствени приходи, во однос на препораките од точка 3.1.1 би сакале да ве информираме за следното:

- Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година од страна на Државниот завод за ревизија, беше констатирана истата состојба во однос на побарувањата од правни субјекти кои се ликвидирани. Согласно препораките од ДЗР, во извештајот од спроведениот попис за 2011 година од страна на пописната комисија истите побарувања беа ставени како предлог за отпис од сметководствената евиденција до Управниот одбот на ЈЗУ.

  Меѓутоа од страна на Управниот одбор беше одлучено да не се превземаат никакви активности се до моментот додека не се утврди дали во однос на спорните побарувања се превземени сите активности за наплата.
- Ве информираме дека во најкраток рок ЈЗУ Здравствен дом на Скопје ќе го потврди статусот на правните субјекти-должници, ќе направи повторен попис на побарувањата со усогласување на сметководствената со фактичката состојба и ќе донесе акт за начинот на постапување со цел спроведување на корективни активности во сметководствената евиденција.

Со почит,

ЈЗУ Здравствен дом на Скопје

ВД Директор

Спец.Др. Злате Мехмедовиќ

Dipl.ecc. Besim Koka